Проектот е финансиран од
Фондацијата Отворено општество-Македонија

# Коментар на Блупринт групата за правосудство на Извештајот на Европската комисија 2022 година во делот на правосудството – До каде сме и што понатаму?

Реформите во правосудството, исто како и минатогодишниот извештај[1], бележат одреден напредок, за разлика од добриот напредок во спроведувањето на реформските процеси забележани во извештаите на Европската комисија (ЕК) за 2018[2], 2019[3] и 2020[4] година. Ова се согледува и со имплементацијата на препораките дадени во претходните извештаи, пред сè извештајот од минатата година, кои во најголем дел се исти или видоизменети. Сепак, нивото на усогласеност останува непроменето од 2019 година, односно Северна Македонија има одредено/умерено напреднато ниво на подготовка.




*Табела 1. Табелата е направена согласно методологијата на Институтот за европска политика. Напредокот во реформските процеси се мери на скала од –1 до 4*

[1] ЕК, Република Северна Македонија, извештај за 2021 година (Европска комисија 2021) [EC, 'Republic of North Macedonia 2021 Report' (European Commission 2021)] < https://neighbourhood-enlargement.ec.europa.eu/north-macedonia-report-2021_en>.

[2] ЕК, Поранешна Југословенска Република Македонија, извештај за 2018 година (Европска комисија 2018) [EC, 'The Former Yugoslav Republic of Macedonia 2018 Report' (European Commission 2018)] <https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/sites/near/files/20180417-the-former-yugoslav-republic-of-macedonia-report.pdf>.

[3] ЕК, Република Северна Македонија, извештај за 2019 година (Европска комисија 2019) [EC, 'Republic of North Macedonia 2019 Report' (European Commission 2019)] < https://neighbourhood-enlargement.ec.europa.eu/system/files/2019-05/20190529-north-macedonia-report.pdf>.

[4] ЕК, Република Северна Македонија, извештај за 2020 година (Европска комисија 2020) [EC, 'Republic of North Macedonia 2020 Report' (European Commission 2020)] < https://neighbourhood-enlargement.ec.europa.eu/system/files/2020-10/north_macedonia_report_2020.pdf>.




*Табела 2. Табелата е направена согласно методологијата на Институтот за европска политика. Усогласеноста се мери на скала од 1 до 5*

Напредокот и оваа година, како и во извештаите од 2021, 2020 и 2019 година, се должи на имплементацијата на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022 година (Стратегијата), со што понатаму се адресираат препораките дадени од Венецијанската комисија и групата на виши експерти за системските прашања за владеење на правото. Со ова, ЕК ја изразува важноста на доследна имплементација на европските стандарди во делот на правосудството и препораките дадени од Венецијанската комисија и групата на виши експерти за системските прашања за владеење на правото.
Значајно во овој извештај е дека Европската комисија го поздравува процесот на подготовка на нова Стратегија за правосудство, што се одвива на инклузивен и транспарентен начин врз основа на научените лекции. Комисијата забележува дека и понатаму треба да се имплементира на систематски начин изменетиот акциски план за имплементација на постојната Стратегија за реформа на правосудниот сектор. Сепак, ЕК повторно во делот на клучни препораки го става усвојувањето на предлог-законот за парнична постапка, како една од легислативните мерки предвидени во новата Стратегија за реформа на правосудниот сектор. Од исклучителна важност е и имплементацијата на Стратегиите за човечки ресурси во судството и јавното обвинителство за кои ЕК напоменува дека има ограничен напредок (limited progress). Со ова, Комисијата нагласува дека во овој дел реформите се одвиваат со помал напредок за разлика од оцената за напредокот даден за целокупното подрачје – правосудство. Потребата за квалитетно функционирање на правосудството наложува однапред да се планираат кадровските потреби и ЕК изречно нагласува дека е потребно забрзување во имплементацијата на Стратегиите за човечки ресурси во судството и обвинителството, доколку повеќе што со пензионирањата во јуни се намали бројот на судии за 48, а на обвинителите за 11.

Содржината е единствена одговорност на авторите и на грантистот, и на ниту еден начин не може да се смета дека ги изразува гледиштата и ставовите на Фондацијата Отворено општество –Македонија.

Што се однесува до управувачките тела, ЕК е уште повоздржана за дејствувањето на Судскиот совет како чувар на независноста на судството. Во извештајот за 2020 година[5] проактивната улога на Судскиот совет беше пофалена, во извештајот во 2021 година[6] беше нагласена потребата за одржување на улогата чувар на правосудството од страна на Судскиот совет. Оваа година ЕК е покритична и забележува дека е потребно Советот да ја зајакне улогата на чувар на независноста и непристрасноста на судството, како и да ја унапреди транспарентноста. Во однос на работата на Советот на јавни обвинители, потребно е Советот да даде образложение за своите одлуки и да обезбеди редовен пристап на медиумите до неговите седници, што не беше секогаш можно поради ограничениот простор и важечките ограничувања поради Ковид-19.

Од клучно значење се обврските на двата совета, и Судскиот совет и Советот на јавни обвинители, во однос на унапредување на независноста на судството и подобрување на перцепциите за независноста на правосудниот сектор. Во таа насока, во извештајот се забележува потпишувањето на Декларацијата за отворено судство, со која се очекува да се подобри транспарентноста и да се зголеми довербата на јавноста во судството.

За надградбата на системот АКМИС е нотирано дека е потребно е да се обезбедат прифатливи статистички податоци, во согласност со препораките и методологијата на Европската комисија на Советот на Европа за ефикасност на правдата (CEPEJ), за работата и на судството и на обвинителството. Исто така, системот АКМИС да биде целосно функционален и во согласност со новата методологија за сложеноста на случаите и методите за оцена на судиите и претседателите на судови.

Од јуни 2020 година, Судскиот совет разреши шест судии, а Советот на јавни обвинители ја потврди одлуката за разрешување на еден обвинител.

Одолжувањето на изборот на судии во повисоките судови и претседатели на судови во помалите градови се должи на примената на новата методологија за оценување, како и закажаните пензионирања на тројца членови на Судскиот совет.

Како и претходната година, ЕК укажува на особено внимание при донесувањето на новиот Закон за Академијата за судии и јавни обвинители и запазување на препораките на Оценската мисија од 2018 година и АСЈО да остане единствена точка за влез во судството и обвинителството и да се обезбеди фер и транспарентен пристап кон овие професии. Се нагласува дека не смее да се скрати времетраењето на почетната обука за судии и јавни обвинители.

Позитивен чекор напред е направено со проактивната улога на Врховниот суд на Република Северна Македонија и апелациските судови за унапредување на конзистентноста на пресудите и усогласување на судската практика. Исто така, и со активната улога на Академијата за судии и јавни обвинители во регрутирањето на нови кандидати и соработката со Европската мрежа за обука на судии (EJTN) и Академијата за европско право (ЕРА).

---

[5] ЕК, Република Северна Македонија, извештај за 2020 година (Европска комисија 2020) [EC, 'Republic of North Macedonia 2020 Report' (European Commission 2020)] < https://neighbourhood-enlargement.ec.europa.eu/system/files/2020-10/north_macedonia_report_2020.pdf>.

[6] ЕК, Република Северна Македонија, извештај за 2021 година (Европска комисија 2021) [EC, 'Republic of North Macedonia 2021 Report' (European Commission 2021)] < https://neighbourhood-enlargement.ec.europa.eu/north-macedonia-report-2021_en>.

Содржината е единствена одговорност на авторите и на грантистот, и на ниту еден начин не може да се смета дека ги изразува гледиштата и ставовите на Фондацијата Отворено општество –Македонија.

Поразувачки е фактот дека и оваа година, како и години наназад, Комисијата изразува загриженост во однос на буџетот доделен на судството и јавното обвинителство. За разлика од минатогодишниот извештај, оваа година ЕК изречно ја нагласува потребата од итно наоѓање решение за ниските плати во правосудниот сектор.
Новиот закон за медијација се забележува дека го подобрува квалитетот на медијацијата и ја унифицира примената на правото од страна на лиценцираните медијатори, а сепак неопходна е континуирана работа за промоција на алтернативното решавање спорови, во соработка со други клучни чинители, како Здружението на судии и Академијата за судии и јавни обвинители.

## Препораки за адресирање на предизвиците идентификувани во извештајот

Од анализа на содржината на извештајот произлегува дека голем дел од предизвиците и препораките дадени и во претходните извештаи се провлекуваат и во овој извештај. Со оглед на наодите и зададените препораки, а врз основа и на наодите од анализите на Блупринт групата за правосудство и граѓанските организации членки на групата, во следниот период потребно е:

- Донесувањето на новата Стратегија за правосудство и нејзина доследна имплементација. Потребно е и забрзана имплементација на изменетиот акциски план на постојната Стратегија за правосудство;
- Донесување на Законот за парнична постапка што се наоѓа во собраниска процедура веќе речиси две години;
- Во однос на автоматизираниот информациски систем за управување со судски предмети АКМИС е потребно да се обезбедат прифатливи статистички податоци, во согласност со препораките и методологијата на Европската комисија на Советот на Европа за ефикасност на правдата (CEPEJ), за работата и на судството и на обвинителството. Исто така, системот АКМИС да биде целосно функционален и во согласност со новата методологија за сложеноста на случаите и методите за оцена на судиите и претседателите на судови;
- Креирање и воспоставување на софтверско решение за автоматизирано управување со предмети во јавното обвинителство што ќе ја унапреди ефикасноста во постапувањето со кривичните пријави, следењето на процесот на истрага и гонење и ќе овозможи пристап и обработка на податоци;
- Донесување на Законот за академија за судии и јавни обвинители, кој е во собраниска процедура и притоа да се запазат препораките на оценската мисија од 2018 година и АСЈО повторно да остане единствена точка за влез во судството и обвинителството, со што особено да се обезбеди фер и транспарентен пристап кон овие професии;
- Судскиот совет да ја унапреди својата улога како чувар на независноста и непристрасноста на судиите и да учествува активно во сите процеси што се релевантни за судството;

Содржината е единствена одговорност на авторите и на грантистот, и на ниту еден начин не може да се смета дека ги изразува гледиштата и ставовите на Фондацијата Отворено општество –Македонија.

- Советот на јавни обвинители треба да овозможи јавност на седниците преку присуство на новинари, стручна јавност, граѓански организации, како и други заинтересирани граѓани на своите седници. Советот за јавни обвинители особено треба да ја зголеми транспарентноста и да дава образложение за своите одлуки;
- Потребно е зголемување на буџетот и средствата за работа на Советот на јавни обвинители;
- Да се забрза со имплементација на Стратегиите за човечки ресурси во судството и обвинителството, особено во делот на нови вработувања и планирање на вработувањата;
- Зголемување на буџетот на судството и јавното обвинителство, како и буџетот за бесплатна правна помош. Очекуваме дека со следните измени и дополнувања на Законот за судски буџет целосно ќе одговорат на потребата од финансирање на судската власт и доследно ќе биде применуван во практика;
- Зголемување на платите во правосудниот сектор;
- Афирмација на медијацијата со промотивни активности, во соработка со други клучни чинители, како Здружението на судии и Академијата за судии и јавни обвинители.


- Македонско здружение на млади правници (МЗМП)
- Институт за европска политика (ЕПИ)
- Институт за човекови права (ИЧП)
- Коалиција „Сите за правично судење" (КСПС)
- Хелсиншки комитет за човекови права
- Центар за правни истражувања и анализи (ЦПИА)
- Фондација Отворено општество – Македонија (ФООМ)


Содржината е единствена одговорност на авторите и на грантистот, и на ниту еден начин не може да се смета дека ги изразува гледиштата и ставовите на Фондацијата Отворено општество –Македонија.